ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ
ЧОВЕКОВИ ПРАВА
02-122/14
22.02.2022 год.

Врз основа на член 18 став 1,[1] член 23 став 1 алинеја 1[2] и член 24 став 1,[3] од Законот за здруженија и фондации (Службен весник на Република Македонија" бр. 52/10, 135/11 и 55/16 од 16.04.2010 година); како и врз основа на член 13 алинеја 7 од Статутот на Здружение Хелсиншки комитет за човекови права– Скопје,[4] на 22.02.2022 година, на седница на Собранието на Хелсиншки комитет за човекови права, Собранието донесе и усвои:

# С Т А Т У Т
# на Здружение ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА Скопје

**-пречистен текст-**

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-СКОПЈЕ
РЕГИОНАЛНА РЕГИСТРАЦИОНА КАНЦЕЛАРИЈА-СКОПЈЕ БРОЈ 6

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1 – Статус на здружението

Здружение Хелсиншки комитет за човекови права – Скопје (во натамошниот текст: Хелсиншки комитет за човекови права) е независно, непартиско, невладино и непрофитно здружение на граѓани, кое работи на почитувањето, заштитата и промоцијата на основните човекови права и слободи.

### Член 2 – Правен субјективитет, назив и седиште

Здружението Хелсиншки комитет за човекови права – Скопје има својство на правно лице.

Полн назив на здружението е: Здружение Хелсиншки комитет за човекови права – Скопје.

Во правниот промет и во јавноста здружението може да настапува и со скратениот назив: Хелсиншки комитет за човекови права.

Во меѓународна комуникација, здружението ќе го користи следниот назив на англиски јазик: Helsinki Committee for Human Rights Skopje.

---

[1] Закон за здруженија и фондации („Службен весник на Република Македонија" бр. 52/10, 135/11 и 55/16 од 16.04.2010 година) член 18 став 1 – „Здружението има статут".
[2] Закон за здруженија и фондации („Службен весник на Република Македонија" бр. 52/10, 135/11 и 55/16 од 16.04.2010 година) член 23 став 1 алинеја 1 – „ Собранието: - донесува статут, програма и други акти".
[3] Закон за здруженија и фондации („Службен весник на Република Македонија" бр. 52/10, 135/11 и 55/16 од 16.04.2010 година) член 24 став 1 – „ Собранието работи на седници".
[4] Статут на Хелсиншкиот комитет за човекови права – донесен и усвоен на Собранието на Хелсиншки комитет на седницата одржана на 27 Април 2018 година, во член 13 алинеја 7 е наведено – „Во надлежност на Собранието е следното: - одлучува за статутарните измени на здружението.".

Седиштето на Хелсиншки комитет за човекови права е во Скопје, на ул. „Наум Наумовски Борче“ бр. 83/1.

**Член 3 – Основна и посебни цели**

Целта на Хелсиншкиот комитет за човекови права е да работи на почитувањето, промоцијата и заштитата на основните човекови права и слободи содржани во Хелсиншкиот Завршен Акт од 1975 година и други меѓународни договори за човекови права.

Посебни цели на Хелсиншки комитет за човекови права се:

- Унапредување и заштита на човековите права и слободи;

- Подигнување на свеста на граѓаните за нивните права и слободи и механизмите за нивна заштита; и

- Создавање на средина која овозможува остварување на правата на граѓаните во општеството како целина.

- Остварување на права од доменот на социјална заштита

**Член 4 – Остварување на целите**

За постигнување на своите цели и задачи, Хелсиншкиот комитет за човекови права дејствува врз основа на Уставот и законите на Република Северна Македонија, преку:

- Системско набљудување на ситуацијата со човековите права во Република Северна Македонија и во странство;

- Обезбедување на примарна правна помош, на граѓаните на Република Северна Македонија;

- Подготвување извештаи за состојбата со човековите права и нивно објавување во земјата и странство;

- Изработување, преведување, издавање и објавување на публикации поврзани со теоријата и праксата на човековите права;

- Организирање на конференции, семинари, јавни акции и други форми на граѓанска активност во врска со промоцијата и заштитата на човековите права; и

- Развивање на демократијата, граѓанското општество и човековите права.

- Вршење на работи од социјална заштита, давање на социјална услуга во заедницата – привремен престој во Центар за жртви на родово- базирано насилство

**Член 5 – Јавност и транспарентност во работењето**

Хелсиншкиот комитет за човекови права својата работа ја заснова на принципите на јавност и транспарентност и слободно ги промовира своите ставови и мислења, поведува иницијативи и учествува во градење на јавното мислење и креирањето на политиките во областа на човековите права и владеењето на правото.

### Член 6 – Основање подружници, мрежи и неформални групи

Хелсиншкиот комитет за човекови права може да основа свои подружници, да основа или да се придружува на мрежи и неформални групи.

За основање подружници одлучува Собранието, а за основање и придружување во мрежи и неформални групи одлучува Управниот одбор,

## II. ЧЛЕНСТВО ВО ЗДРУЖЕНИЕТО

### Член 7 – Зачленување во здружението

Член на Хелсиншкиот комитет за човекови права може да биде секое полнолетно лице, без оглед на полот, родот, етничката припадност, расата, социјалниот статус, сексуалната ориентација, родовиот идентитет и изразување, физичката и интелектуалната способност или која било друга лична карактеристика, кое е државјанин на Република Северна Македонија или е странец со постојан престој во Република Северна Македонија под услов и на начин определен со овој Статут.

Услови за членство во здружението се:

- Лицето да се застапува за принципите и вредностите на Хелсиншкиот комитет за човекови права;
- Лицето активно да работи во полето на човекови права и слободи.

За зачленување во Хелсиншкиот комитет за човекови права лицето доставува пристапница за членство до канцелариите на здружението.

Со потпишувањето на пристапница, лицето од став 1 на овој член, односно кандидатот, го прифаќа Статутот на Хелсиншкиот комитет за човекови права, изразува подготвеност да биде зачленет во здружението и да ја понуди својата експертиза од одредени области во спроведувањето на активностите и работењето на здружението.

Содржината и формата на пристапницата подетално се уредува со акт на Собранието.

### Член 8 – Постапка за прием на нов член

За прием на нов член одлучува Управниот одбор со мнозинство гласови од вкупниот број членови.

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-СКОПЈЕ БРОЈ 6 РЕГИОНАЛНА РЕГИСТРАЦИОНА КАНЦЕЛАРИЈА-СКОПЈЕ

При одлучувањето, Управниот одбор оценува дали кандидатот ги исполнува условите за членство и дали ги прифаќа овој Статут и принципите и вредностите за кои се залага Хелсиншкиот комитет за човекови права и доколку утврди дека не се исполнети условите за членство може да го одбие барањето.

Против одлуката од став 1 на овој член, кандидатот има право на приговор до Собранието на здружението. Одлуката на Собранието е конечна.

**Член 9 – Регистар на членови**

Хелсиншки комитет за човекови права за своите членови води регистар на членството, кој се ажурира еднаш годишно.

Хелсиншкиот комитет за човекови права ја гарантира анонимноста на личните податоци на членовите кои тоа го побарале.

**Член 10 – Права и одговорности**

Членовите на Хелсиншки комитет за човекови права имаат права и одговорности согласно одредбите на овој Статут и позитивните законски прописи. Членовите ги имаат следните права и обврски:

- да избираат и да бидат избрани во органите на Хелсиншкиот комитет за човекови права;
- да предлагаат решавање на прашања од заеднички интерес;
- да работат на развивање и унапредување на општествените и другите активности кои произлегуваат од Статутот, програмските цели и задачи и усвоените одлуки и заклучоци;
- да ги спроведуваат во целост одредбите од Статутот и програмските активности;
- да ги застапуваат интересите и ставовите на здружението;
- да бараат стручна и друга помош од делокругот на работата на Хелсиншкиот комитет за човекови права;
- да плаќаат годишна членарина, чиј износ се утврдува со одлука на Собранието.

**Член 11 – Престанување на членство**

Членството во здружението може да престане:

1. Со истапување;
2. Со исклучување.

Секој член може доброволно да истапи од Хелсиншки комитет за човекови права, за што задолжително ќе достави писмено известување.

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • СКОПЈЕ • РЕГИОНАЛНА РЕГИСТРАЦИОНА КАНЦЕЛАРИЈА-СКОПЈЕ БРОЈ 6

Членот може да биде исклучен поради дејствување спротивно на вредностите и принципите на Хелсиншкиот комитет за човекови права, нанесување штета на дејноста и угледот на здружението, постапување спротивно на Статутот и актите на Хелсиншкиот комитет за човекови права и континуирано неплаќање членарина во рок од најмалку две години.

Постапка за исклучување можат да поведат:

- пет члена на Собранието;
- член на Управниот одбор;
- извршен директор на Хелсиншки комитет за човекови права.

Одлука за исклучување донесува Управниот одбор со мнозинство гласови од вкупниот број членови.

Против одлуката од претходниот став членот има право на приговор до Собранието. Одлуката на Собранието е конечна.

## III. ОРГАНИ НА ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

### Член 12 – Органи на здружението

Органи на Хелсиншкиот комитет за човекови права се:

1. Собрание;
2. Управен одбор;
3. Претседател на Хелсиншки комитет (во понатамошниот текст: Претседател);
4. Надзорен одбор;

Дејствувањето на Хелсиншкиот комитет за човекови права се одвива преку извршна канцеларија со која што раководи Извршниот директор.

### Дел 1 – Собрание

### Член 13 – Собрание

Собранието е највисок орган на Хелсиншкиот комитет за човекови права и го сочинуваат сите негови членови.

### Член 14 – Надлежности на Собранието

Собранието е надлежно да:

- донесува статут и негови измени и дополнувања;
- ги донесува актите на здружението предвидени со овој Статут;
- усвојува Стратегија на Хесиншкиот комитет за човекови права за период од три години;
- усвојува годишен извештај за работата и финансиски извештај кој се објавува на веб страницата на Хелсиншкиот комитет за човекови права, доставува финансиски извештај до надлежниот орган на државната управа, односно до органот на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје во случаите кога користи средства од Буџетот на Република Северна Македонија, односно буџетите на единиците на локалната самоуправа;
- одлучува за промена на целта на здружението;
- одлучува за внатрешната организација и организационите форми на органите на здружението;
- избира и разрешува членови на Управниот одбор и на Надзорниот одбор;
- одлучува за престанок на здружението со двотретинско мнозинство гласови од сите членови на здружението;
- одлучување за основањето подружници и
- врши и други работи во согласност со Статутот и актите на здружението.

Одлуките на Собранието се задолжителни за сите органи и членови на Хелсиншки комитет.

**Член 15 – Работа на Собранието**

Собранието работи на седници коишто се одржуваат по потреба, а задолжително одржува најмалку една седница годишно.

Седниците се одржуваат со физичко присуство на членовите или со користење на платформи за далечинска комуникација, при што имаат еднаква важност без оглед на формата.

Собранието полноважно одлучува ако се присутни повеќе од една половина од вкупниот број членови.

Собранието по правило одлуките ги донесува со мнозинство гласови од присутните членови, освен ако со овој Статут не е поинаку уредено.

Работата на Собранието поблиску се уредува со акт кој го носи Собранието.

**Член 16 – Свикување седница на Собранието**

Седница на Собранието свикува Претседателот на Хелсиншки комитет кога за тоа има потреба или кога е определено со Статутот за извршување на функциите на здружението.

Претседателот задолжително ќе свика седница на Собранието ако за тоа образложен предлог достави мнозинството членови на Управниот одбор на Хелсиншки комитет и најмалку една третина од членовите на Собранието.

Седницата од претходниот став се свикува во рок 30 дена од денот на доставување на барањето.

Собранието се свикува со покана до сите членови на Хелсиншки комитет, со датум, место на одржување и дневен ред на седницата.

Составен дел на поканата се и материјалите за кои Собранието треба да одлучува.

**Член 17 – Раководење со седницата на Собрание**

Собранието за секоја седница одделно избира претседавач, кој е предложен од страна на Претседателот, а се бира со мнозинство број на гласови од присутните членови.

До изборот на претседавач со седницата на Собранието раководи Претседателот на здружението.

**Член 18 – Одржување седница**

За седницата на Собранието се води записник, кој го потврдуваат претседавачот на Собранието и Претседателот на здружението.

Закажувањето и спроведувањето на седниците на Собранието го администрира Извршниот директор.

**Дел 2 – Управен одбор**

**Член 19 – Управен одбор**

Управниот одбор на Хелсиншкиот комитет за човекови права е управен орган на здружението.

Управниот одбор го сочинуваат најмалку пет, а најмногу девет члена.

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА РЕГИОНАЛНА РЕГИСТРАЦИОНА КАНЦЕЛАРИЈА-СКОПЈЕ БРОЈ 6 СКОПЈЕ

Секој член на Управниот одбор има еднакви права, обврски и одговорности за дејствувањето и развојот на Хелсиншкиот комитет за човекови права во согласност со Статутот.

**Член 20 – Избор на членови**

Членовите на Управниот одбор ги избира Собранието, со мнозинство од бројот на присутните членови на Собранието.

За член на Управниот одбор може да биде избрано само лице кое е член на Хелсиншкиот комитет за човекови права.

За својата работа, членовите на Управниот одбор одговараат пред Собранието.

**Член 21 – Постапка за избор**

Предлог за член на Управниот одбор можат да дадат најмалку три члена на Собранието.

Доколку не се избере потребниот број на членови на Управниот одбор, постапката за избор на непополнетите места во Управниот одбор се повторува во рок не подолг од два месеца.

Мандат на членовите на Управниот одбор е 4 години, со можност за уште еден избор.

**Член 22 – Надлежности на Управен одбор**

Управниот одбор ги врши следните работи:

- ги предлага општите акти;
- предлага измени и дополнување на Статутот;
- усвојува годишна програма за работа согласно стратегијата;
- изготвува и донесува правилници, упатства, програми и други интерни акти потребни за редовно и правилно работење на Хелсиншкиот комитет за човекови права;
- избира и разрешува Претседател на здружението од своите редови;
- избира и разрешува Извршен директор;
- одлучува за прием на нови членови во здружението
- свикува седници на Собранието и подготвува материјали за седниците;

- управува и одговара за управувањето со имотот на Хелсиншкиот комитет за човекови права;
- донесува одлуки за формирање на постојани и повремени комисии, проектни и мрежи од соработници;
- донесува одлуки за награди и признанија по предлог на Извршниот директор;
- подготвува годишен или периодичен извештај за својата работа и работата на Хелсиншкиот комитет за човекови права;
- усвојува годишен извештај за човековите права во државата;
- го предлага програмскиот и финансискиот извештај за изминатата година;
- информира за својата работа во посебен извештај; и
- врши и други работи кои произлегуваат од потребите на Статутот на Хелсиншкиот комитет за човекови права.

**Член 23 – Работа на управниот одбор**

Управниот одбор работи и одлучува на седници, кои се свикуваат по потреба.

Седниците се одржуваат со физичко присуство на членовите или со користење на платформи за далечинска комуникација, при што имаат еднаква важност без оглед на формата.

Седниците на Управниот одбор ги свикува и со нив раководи Претседателот или во негово отсуство кој било од членовите назначен од страна на Претседателот пред седницата.

Образложен предлог за свикување на седница може да даде и член на Управен одбор. Во тој случај, Претседателот е должен да закаже седница, а доколку Претседателот одбива да го стори тоа, тогаш членот свикува сам седница во рок од најмалку 5 дена.

Предлог за свикување на седница можат да дадат и најмалку пет члена на Собранието и Извршниот директор .

Претседателот е должен да свика седница во рок од пет дена од денот кога е поднесено барањето.

Свикувањето се врши со покана која содржи време, место и предлог дневен ред на седницата и придружни материјали.

Работата на Управниот одбор поблиску се уредува со акт кој го донесува Управниот одбор.

### Член 24 – Одлучување на управниот одбор

Управниот одбор може да работи и да одлучува ако на седницата се присутни најмалку половина од бројот на членовите.

Проектен координатор/ка и вработени во Хелсиншкиот комитет можат да учествуваат на состаноците на Одборот, без право на глас, а по правило секогаш кога се расправа за проектот на кои се ангажирани.

Управниот одбор одлучува со апсолутно мнозинство гласови од вкупниот број членови.

За работата на седниците се води записник од страна на извршниот директор, кој се усвојува на следната седница на Управниот одбор.

### Член 25 – Престанок на мандат на членовите на Управниот одбор

Мандатот на член на Управен одбор, престанува со:

1. Разрешување;
2. Оставка;
3. Истек на времето за кое е избран;

Член на Управен одбор може да биде разрешен ако работи спротивно на интересите на здружението. Членот на Управниот одбор се разрешува истиот начин на кој бил и избран.

## Дел 3 – Претседател на здружението

### Член 26 – Претседател на Здружението

Претседателот е законски застапник на Хелсиншкиот комитет за човекови права.

Претседателот го застапува и претставува Хелсиншкиот комитет за човекови права во односите со трети лица, органи и организации во земјата и во странство.

Претседателот може со полномошно да го овласти Извршниот директор или друг член на Управниот одбор да го застапува и претставува Хелсиншкиот комитет за човекови права во односи со трети лица, органи и организации во земјата и во странство.

Претседателот е полноправен член на Собранието и на Управниот одбор и е одговорен за спроведувањето на Статутот, одлуките, актите на Собранието и Управниот одбор.

Претседателот за својата работа одговара пред Собранието.

### Член 27 – Постапка за избор на Претседател

Предлог за избор на Претседател можат да поднесат најмалку двајца членови на Управниот одбор.

Претседателот, по правило се избира на конститутивната седница на Управниот одбор или на следната седница по престанок на мандатот на претходниот претседател.

Претседателот се избира со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Управниот одбор.

Мандатот на Претседателот е четири години со право на еден реизбор.

### Член 28 – Престанок на мандатот

Мандатот на Претседателот, престанува со:

4. Разрешување;
5. Оставка;
6. Истек на мандатот;

Претседателот, може да биде разрешен ако работи спротивно на интересите на здружението или ако Собранието не го усвои годишниот извештај. Претседателот може да биде разрешен на истиот начин на кој бил и избран.

## Дел 4 – Надзорен одбор

### Член 29 – Надзорен одбор

Надзорна одбор врши контрола на спроведувањето на финансиските активности на Хелсиншки комитет и контрола на наменското располагање со средствата и приходите на Здружението.

Надзорниот одбор е составен од три члена кои се избираат од редот на членовите на Собранието на Хелсиншки комитет.

Мандатот на членовите на Надзорниот одбор е четири години со право на еден реизбор.

Член на Надзорниот одбор не може да биде член на Управниот одбор или Претседателот на здружението.

Своите наоди и одлуки Надзорниот одбор ги доставува до Собранието и до Управниот одбор.

## IV. ИЗВРШНА КАНЦЕЛАРИЈА

### Член 30 – Извршна канцеларија

За своето програмско, административно и финансиско работење здружението има Извршна канцеларија.

Извршната канцеларија е организирана во сектори/одделенија за:

- Финансиски менаџмент и администрација
- Интегрирани односи со јавност и безбедност
- Програмски сектор со
  - Правна програма
  - Програма за зајакнување на заедницата.

По потреба во Извршната канцеларија се воспоставуваат и други сектори/оддели.

Со работата на Извршната канцеларија управува и раководи Извршен директор.

За спроведување на програмското, административното и финансиското работење Извршна канцеларија има вработени и по потреба ангажира физички правни лица за спроведување на програмски, административни и финансиски работи.

Работата на Извршната канцеларија, а особено постапката за вработување, распоредување на работите и работните задачи, платите и надоместоците се уредуваат со акт кој го донесува Управниот одбор.

Извршната канцеларија е задолжена за подготвување нацрт на годишна програма и нацрт на стратегија и истите ги доставува до Управниот одбор.

### Член 31 – Извршен директор

Извршниот директор раководи и е одговорен за работата на извршната канцеларија (вработените).

Извршниот директор ги врши следните функции работи:

- Ја планира, организира и координира работата на Извршната канцеларија;
- утврдува на работни задачи и работно време на вработените, согласно позитивните законски прописи и го следи нивното исполнување;

- воспоставува соодветни процедури за работа и се грижи за нивната примена;

- воспоставува показатели за работни достигнувања и ги оценува работните достигнувања на вработените

- врши други работи утврдени со Статутот и актите на здружението.

Извршниот директор за работата на извршната канцеларија редовно го информира Претседателот.

Извршниот директор за работата на извршната канцеларија еднаш месечно или по потреба ќе го информира Управниот одбор.

Извршниот директор за својата работа одговара пред Управниот одбор.

**Член 32 – Избор на Извршен директор**

Извршниот директор го избира Управниот одбор со мнозинство гласови од вкупниот број членови, на предлог на Претседателот.

Извршниот директор е вработен во здружението.

Работниот однос на Извршниот директор може да престане со одлука на Управниот одбор во согласност со закон и овој Статут доколку работи спротивно на целите на здружението, не ги спроведува одлуките на органите на здружението и работи надвор од полномошното дадено од Претседателот.

**Член 33 – Учество во работата на органите**

Членовите на Собранието, Управниот одбор и на Надзорниот одбор (членовите на органите) во секое време можат да побараат информација и увид во работата на органите и да даваат иницијатива за подготвување општи акти.

## V. ФИНАНСИРАЊЕ

**Член 34 – Финансирање на Хелсиншкиот комитет за човекови права**

**Здружението се финансира од:**

- проекти

- донации

- извршување на интелектуални услуги

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • СКОПЈЕ • РЕГИОНАЛНА РЕГИСТРАЦИОНА КАНЦЕЛАРИЈА-СКОПЈЕ БРОЈ

- членарини

### Член 35 – Користење и располагање со средства

Користење и располагање со средства на Хелсиншки комитет за човекови права Скопје добиени по основите на предходниот член се врши на начин утврден со закон, со овој Статут и според актите за финансиско и административно работење кои ги носи Управниот одбор и согласно правилата и ограничувањата на изворите на финансирање.

За користење и располагање со средства одлучуваат органите на Хелсиншкиот комитет за човекови права Скопје.

### Член 36 – Поднесување на финансиски извештаи

Здружението води сметководство согласно прописите од областа на сметководството и материјално-финасиското работење

Хелсиншкиот комитет за човекови права Скопје поднесува годишен финансиски извештај за приходите и расходите на здружението и врши попис на начин уреден со закон.

Одговорни за годишната сметка и за финансиските извештаи , односно за нивната подготовка и потпишување се Претседателот на Управниот Одбор и Извршниот директор.

Годишниот финансиски извештај ќе биде подложен на ревизија од независен ревизор избран од Извршниот директор.

## VI. ПРЕСТАНОК НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА

### Член 37 – Престанок на здружението

Хелсиншкиот комитет за човекови права ќе престане со работа ако е:

- донесена одлука за престанок на постоење во согласност со Статутот
- поминато двојно повеќе време од времето предвидено за одржување на седница на највисокиот орган утврден со статутот, а таа не е одржана,
- во две последователни години не е поднесена завршна сметка во согласност со закон,
- донесена одлука на надлежен суд,

Одлука за престанок на Здружението донесува Собранието со двотретинско мнозинство од членовите.

## VII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 38 – Родово неутрално значење на термините

Во овој статут употребените изрази во машки род имаат неутрално значење и се однесуваат и за жени и за мажи.

**Член 39 – Измени и дополнување на Статут**

Измени и дополнувања на овој Статут се вршат по иста постапка како и за неговото донесување.

Мандатите на членовите на управниот одбор, Претседателот и надзорниот одбор на здружението продолжуваат во роковите за кои се избрани.

По стапувањето на сила на овој статут, основаните подружници продолжуваат со својата работа.

Донесените правилници за работењето на здружението продолжуваат да важат до усвојување на актите предвидени со овој статут.

Актите предвидени со вој статут ќе се донесат најдоцна 6 месеци по влегувањето во сила на овој Статут.

**Член 40 – Влегување во сила**

Овој Статут влегува во сила со денот на донесувањето, а со тоа престанува да важи Статутот на Хелсиншкиот комитет за човекови права од 15.12.2021 година.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ЗДРУЖЕНИЕТО